Врз основа на член 56 од Статутот на Општина Богданци („Службен весник на Општина Богданци“ бр. 04/05, 04/11, 04/15, 09/19, 02/20 и 11/21), Советот на Општина Богданци, на седницата одржана на 14.03.2024 година, по Информацијата за штета од град на територијата на Општина Богданци на ден 07 и 12.03.2024 година, го донесе следниот

**З А К Л У Ч О К**

**1.** Советот на Општина Богданци на седницата одржана на 14.03.2024 година, а врз основа на делумно извршениот увид и реакциите од граѓаните, констатира дека, како резултат на појавата на град на територијата на Општина Богданци на ден 07 и 12.03.2024 година е настаната се уште непроценета штета на земјоделските култури.

**2.** Се задолжува Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од природни непогоди и други несреќи на Општина Богданци, да излезе на терен и да изврши евиденција, проценка и утврдување на штетата и за истите да изработи Извештај кој ќе го достави до Советот на општината на усвојување согласно Единствената Методологијата за процена на штетите од елементарни и други непогоди.

**3.** Овој заклучок да се достави до Владата на РСМ и до Министерството за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**4.** Овој заклучок влегува во сила со денот на објавување во „Службен гласник на Општина Богданци“.

**Бр. 08 –529/11**
**14.03.2024 год.**
**Богданци**

**Претседател**
**на Советот на Општина Богданци**
**Борис Ванчев**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Совет на Општината
ОПШТИНА БОГДАНЦИ